# Можност за привремен работен ангажман

Здружение Институт за развој на заедницата (ИРЗ) од Тетово работи на програмски активности од следните области:

- зајакнување на капацитети на организации и институции,
- градење мерки на доверба, и
- економски развој и самовработување

ИРЗ своите активности ги имплементира врз основа на стратешки план и проектни активности. Работните простории се во Тетово. За реализација на предвидените активности за 2010 година, има потреба од 1 лице, според следниве критериуми И потребни квалификации:

- **Позиција:** Административен и проектен координатор.

- **Времетраење на договорот за работа**: 5 месеци (првично) со можност за продолжување, во зависност од одобрени проекти за 2010/11. Селектираниот кандидат ќе добие првична обука и запознавање со активностите и работната средина во период од 10 дена пред потпишување на договорот за работа.

- **Работно време**: секој работен ден, од Понеделник до Петок, од 09 часот до 15 часот. Кандидат/от/ката треба да биде флексибилен/а и подготвен да патува во време на викенди и да биде флексибилен/а за работното време во одредени периоди.

- **Предвиден хонорар**: 10,000 денари месечно.

- **Потребни квалификации:**

  а) Одлично познавање на компјутерски програм (Word, Excell, Internet)
  б) Напредно познавање на Англиски јазик.
  в) Степен на образование: најмалку средно образование. Високо образование е предност.
  г) Возачка дозвола: ќе се смета за предност доколку кандидатот има возачка дозвола “Б” категорија
  д) Предност ќе имаат оние кои што имаат искуство во административно работење, и искуство во работа на проекти во здруженија на граѓани.

- **Краен рок за доставување на апликации**: 20 Јануари, 2010 година. Само селектираните кандидати (најмногу 5) ќе бидат поканети на интервју. Оние апликанти кои нема да добијат никаков одговор најдоцна до 25 Јануари 2010 година значи дека нивната апликација не била земена во предвид. Апликацијата можете да ја превземете од следната интернет страница: www.vivatetovo.com или www.mic.org.mk. Писмо на интерес, биографија и апликација треба да ја испратите на следната е-маил адреса: cdi@mt.net.mk . Некомплетните апликации нема да се земат во предвид.

- **Ве молиме без телефонски јавувања**. Оние кандидати за кои што ќе има телефонски јавувања ќе бидат веднаш дисквалификувани. Единствено прифатливо е писмена препорака од лица за кои сметате дека ќе можат да ги потврдат Вашите квалификации. Таа препорака треба да биде испратена скенирана на горенаведената адреса. Препораки со текст во е-маил не се прифаќаат.

CDI
Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
Tetovo - Macedonia
www.mic.org.mk